РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**јануари 2014 година**



Скопје, март 2014

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари 2014 година

- Индустриското производство во јануари 2014 година во споредба со јануари 2013 година забележа раст од 6,4%;
- Стапката на инфлација изнесува 0,9% на годишна основа , а -0,1% на месечна основа;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот во јануари 2014 година од 4,2%, со вредносен раст од 1,7% и пад на увезените количини на стоки од 30,6%, со вредносен пад од 0,6%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 4,3% во однос на јануари 2013 година.
- Пад на вкупните приходи во Буџетот од 5,3% и на вкупните расходи од 11,4% во јануари 2014 година во однос на истиот месец лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 1.889 милиони денари (0,4% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 1.414 милиони денари (0,3% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 6,7% на годишна основа и раст од 6,3% на вкупниот депозитен потенцијал на банките;

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во јануари 2014 година индустриското производство забележа раст од 6,4% во споредба со јануари 2013 година. Анализирано по сектори, секторот Преработувачка индустрија забележа раст на производството од 12,1%. Секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 1,1% како резултат на падот во гранките Вадење јаглен и лигнит од 4,4% и Вадење руди на метал од 2,0%, додека гранката Вадење други руди и камен забележа раст од 15,5%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 9,9%.

Индустриско производство (во %) - јануари 2014 година

| | м/м-12 |
|---|---|
| Вкупно | 6,4 |
| Рударство и вадење камен | -1,1 |
| Преработувачка индустрија | 12,1 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -9,9 |

Извор: ДЗС

Во рамките на Преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 19 од 23 гранки, кои сочинуваат 67,51% од индустриското производство. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство висок раст е забележан во гранката Производство на облека од 16,5%, додека кај гранката Производство на прехранбени производи е забележан раст од 5,8%. Раст е остварен и кај следните гранки: Производство на моторни возила, приколки и полуприколки 448,3%, Останата производствена индустрија 78,3%, Производство на производи од гума и производи од пластични маси 64,4%, Производство на други неметални минерални производи 48,9%, Поправка и инсталирање машини и опрема 42,0%, Производство на електрична опрема 37,7%, Производство на мебел 34,9%, Преработка на дрво, производи од дрво и плута 27,3%, Производство на хемикалии и хемиски производи 20,1%, Производство на пијалаци 19,5%, Производство на хартија и производи од хартија 16,4%, Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место 13,7%, Производство на кожа и производи од кожа 9,7%, Печатење и продукција на снимени медиуми 8,6%, Производство на останата опрема за транспорт 8,1%, Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати 7,1% и Производство на метали 4,5%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јануари 2014 година има секторот Преработувачка

индустрија (9,2 п.п.), во чии рамки најголем позитивен придонес има гранката Производство на производи од гума и производи од пластични маси, а најголем негативен придонес има гранката Производство на тутунски производи (-0,7 п.п.). Гледано по сектори, Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација има најголем негативен придонес (-1,2 п.п.).

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јануари 2014 година во однос на јануари 2013 година покажуваат зголемување на производството кај: Трајни производи за широка потрошувачка од 40,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 14,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,4% и Капитални производи од 9,6%. Пад од 13,3% е забележан единствено кај групата Енергија .

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката, тековната економска состојба на деловните субјекти во јануари 2014 година е понеповолна во однос на претходниот месец, и во однос на јануари 2013 година.




Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е понеповолна во однос на претходниот месец, но поповолна споредено со јануари 2013 година. Оценката за обемот на производството во јануари 2014 година е понеповолна во однос на претходниот месец како и во однос на јануари 2013 година, додека очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а понеповолни споредено со јануари минатата година. Очекувањата за бројот на вработени се понеповолни споредено со минатиот месец, а поповолни споредено со јануари 2013 година.

Просечното искористување на капацитетите во јануари 2014 година изнесува 60,0%, што претставува намалување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 60,1%. Споредено со јануари 2013 година, искористеноста на капацитетите е непроменета.

Во јануари 2014 година, залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали се под и околу нормалата.

Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е поповолна во споредба со претходниот месец и со јануари 2013 година. Според оценката на раководителите, во наредниот тримесечен период се очекува зголемување на просечните набавни цени на инпутите и зголемување на продажните цени на готовите производи. Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во јануари 2014 година имаат следните фактори: недоволна

странска побарувачка со 23,6%, недоволна домашна побарувачка со 17,6%, недостиг на квалификувана работна сила со 12,2%, финансиски проблеми со 10,5% и неизвесно економско окружување со 10,2%.

Како ограничувачки фактор во јануари 2014 година во однос на декември 2013 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната странска побарувачка, недоволната домашна побарувачка, конкурентниот увоз, недостигот на енергија, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: финансиските проблеми, недостигот на опрема, недостигот на суровини, неизвесното економско окружување, недостигот на квалификувана работна сила и нејасните економски закони.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2014 година во однос на јануари 2013 година забележа зголемување од 6,5%.

Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија за 7,8%, а намалување на бројот на работници има во секторите Рударство и вадење камен за 0,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,1%. Во секторот Рударство и вадење камен е регистриран пад на бројот на работниците од 0,7%, како резултат на намалувањето на бројот на работниците во гранките: Вадење јаглен и лигнит (2,5%) и Вадење други руди и камен (0,7%), додека кај гранката Вадење руди на метал е забележан раст од 1,0%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2014 година во однос на јануари 2013 година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 66,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 4,7%, Трајни производи за широка потрошувачка за 4,4% и Интермедијарни производи, освен енергија за 1,4 %, додека опаѓање е забележано кај Енергија за 2,0%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2014 година беа издадени 140 одобренија за градба, што претставува намалување од 22,7% во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е намален во однос на декември 2013 година, кога беа издадени 239 одобренија.

Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари изнесува 2.458 милиони денари, што претставува зголемување за 47,4% во однос на јануари 2013 година. Во однос на декември 2013 година, вредноста на објектите бележи намалување за 3,5%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 113 (или 80,7%) се наменети за објекти од високоградба, 17 (или 12,1%) за објекти од нискоградба и 10 (или 7,2%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 140 издадени одобренија за градба, за 102 (или 72,9%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 38 објекти (или 27,1%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јануари 2014 година предвидена е изградба на 632 стана, со вкупна корисна површина од 43.778м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 23,4% во однос на истиот месец од 2013 година, а за 88,1% во однос на декември 2013 година.




Анализирано по региони, во јануари 2014 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 45, од кои 30 одобренија се издадени за инвеститори - физички лица и 15 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион - 6, од кои 4 одобренија се издадени за инвеститори - физички лица и 2 за инвеститори - деловни субјекти.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во јануари 2014 година, измерена според Индексот на трошоците на животот, изнесува 0,9%, со што продолжува трендот на доста ниска инфлација забележан во текот на последниот квартал од претходната година.




На годишна основа, категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на живот, забележа раст од 1%.

Највисок годишен раст на цените во јануари е регистриран во категоријата Здравје од 13%. Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци и тутун од 5,3%, Комуникации од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 0,6%, Облека и обувки и Ресторани и хотели од 0,4%, Образование од 0,2%, Транспорт од 0,1% и Останати стоки и услуги од 1,9%. Намалување на цените е регистрирано во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива и Рекреација и култура од 2,2% и 0,8%, соодветно.

На месечна основа, инфлацијата во јануари 2014 година забележа пад од 0,1%. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци регистрираа намалување од 0,1%, како резултат на општиот пад на цените на храната од 0,2%. Позначителен пад на цените е забележан во категоријата Облека и обувки од 2%, главно како резултат на пониските цени за обувки од 3,8%. Месечен пад на цените е забележан и во категориите Рекреација и култура од 1,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината и Комуникации од 0,5%. Цените останаа непроменети во категориите Алкохолни пијалаци и тутун, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование, додека раст на цените на месечна основа е забележан во следните категории: Здравје од 2,2%, Ресторани и хотели од 0,6%, Транспорт од 0,3% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Цените на мало во јануари 2014 година во однос на јануари 2013 година се повисоки за 0,8%. Споредено со претходниот месец цените на мало во јануари 2014 година се зголемени за 0,2%.

## Берзански цени

Во јануари 2014 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 2,9% во однос на претходниот месец и изнесуваше 107,4 долари за барел. Споредено со јануари 2013 година, цената на нафтата е пониска за 4,9%. Цената на природниот гас во јануари се зголеми за 2,5% во однос на претходниот месец.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз во јануари 2014 година се тргуваше со просечна цена од 14.101 долар за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен раст на цената од 1,3%. Споредено со јануари 2013 година цената на никелот е пониска за 19,3%. Во рамки на основните метали, во јануари се забележува месечно зголемување и на цената на цинкот од 3,1%, бакарот од 1,1% и оловото од 0,3%, додека пад на цените забележаа калајот и алуминиумот од 3,1% и 0,7%, соодветно. Цената на железната руда во јануари забележа месечен пад од 5,6%. Кај благородните метали е забележано месечно

зголемување на цената. Така, цената на платината забележа раст од 4,8%, на златото од 1,9% и на среброто од 1%.

Во јануари 2014 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 5,3% во однос на декември 2013 година, додека цената на пченката забележа раст од 0,3%. Цената на јагнешкото месо во јануари забележа месечен раст од 0,6%.

## 2. Надворешно - трговска размена

Вкупната надворешно - трговска размена во јануари 2014 година изнесува 605,9 милиони евра, што претставува зголемување за 0,3% во однос на јануари 2013 година.




### Извоз

Во јануари 2014 година физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,2%, споредено со јануари 2013 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 234,0 милиони евра и бележи раст од 1,7% (4 милиони евра) во однос на јануари 2013 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2014 година извозот бележи поместување надолу од 21,6% (64,6 милиони евра) во однос на претходниот месец.




Сезонски прилагоденото движење на извозот во јануари 2014 година бележи месечен пад од 2,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (19,4 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари 2014 година се: железо и челик со 12,8%, облека 16,9%, хемиски материи и производи 20,1%, пијалаци и тутун 5,6%, метална руда и отпадоци од метал 5,4% и нафта и производи од нафта 1,4%. Овие шест групи производи сочинуваат 62,2% од вкупниот извоз на државата.

Гледано по економска намена, во јануари 2014 година најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (48,3%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (22,9%), храна и пијалаци (9,8%), производи за инвестиции без транспортна опрема (11,8%), горива и мазива (1,3%) и транспортна опрема (5,7%).




| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2013 | I - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,6 | 8,0 | -5,5 | -40,8 |
| Мил. ЕУР | 9,0 | 3,4 | -5,7 | -62,8 |
| Мил.$ | 11,9 | 4,6 | -7,4 | -61,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2013 | I - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 79,0 | 60,4 | -18,6 | -23,6 |
| Мил. ЕУР | 53,6 | 37,9 | -15,7 | -29,3 |
| Мил.$ | 70,9 | 51,6 | -19,3 | -27,3 |

*)Претходни податоци

Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталитичка постапка; феросилициум; фероникел; машки кошули од памук; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; моторни возила за превоз на десет или повеќе лица; руди на олово и концентрати; плоснато валани производи од железо или нелегиран челик со ширина 600 мм или поголема; сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови; и друго.

## Увоз

Увезените количини стоки во јануари 2014 година се намалени за 30,6% споредено со јануари 2013 година, а нивната вредност изнесува 371,9 милиони евра, што претставува намалување од 0,6% (2,2 милиони евра) во однос на јануари минатата година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2014 година увозот бележи пад од 17,4% (78,3 милиони евра) во однос на претходниот месец.




Сезонски прилагоденото движење на увозот во јануари 2014 година бележи месечен раст од 1,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (18,6 п.п.) врз увозот овој месец.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2013 | I - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 40,7 | 32,1 | -8,6 | -21,3 |
| Мил. ЕУР | 42,2 | 29,9 | -12,3 | -29,1 |
| Мил.$ | 56,2 | 40,7 | -15,5 | -27,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2013 | I - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 57,3 | 29,2 | -28,1 | -49,1 |
| Мил. ЕУР | 26,4 | 14,7 | -11,7 | -44,5 |
| Мил.$ | 35,3 | 20,0 | -15,3 | -43,4 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во јануари 2014 година отпаѓа на: обоени метали; нафта и производи од нафта; предиво, ткаенини и текстилни производи; електрична енергија; електрични машини, апарати и делови; железо и челик; гас, природен и индустриски; друмски возила; и друго.

Гледано по економска намена, во јануари 2014 година најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (43,4%), потоа следуваат горива и мазива (19,2%), храна и пијалаци (11,2%), производи за инвестиции без транспортна опрема (13,6%), стоки за широка потрошувачка (8,0%) и транспортна опрема (4,5%).

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: платина, необработена или во прав; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; електрична енергија; нафтени гасови и други гасовити јагле294водороди; паладиум: необработен или во прав; генераторски агрегати кои работат на ветер; премачкувачки средства (бои и лакови); керамички производи за лабораториска, хемиска или друга техничка употреба; масла за ложење; моторен бензин со октански број (РОН) од 95 или поголем, но помал од 98;  и слично.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2013 | I - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 0,5 | 0,8 | 0,3 | 71,8 |
| Мил. ЕУР | 34,9 | 47,0 | 12,1 | 34,8 |
| Мил.$ | 46,5 | 64,0 | 17,5 | 37,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2013 | I - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,6 | 1,5 | -0,2 | -9,3 |
| Мил. ЕУР | 4,4 | 3,1 | -1,3 | -30,0 |
| Мил.$ | 5,8 | 4,2 | -1,7 | -28,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2014 година трговскиот дефицит се стесни за 6,2 милиони евра или 4,3% во однос на јануари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци, горива и мазива, транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка додека во спротивна насока дејствуваше проширеното негативно салдо во размената со стоките за индустриски набавки и стоките за инвестиции без транспортна опрема.

Анализирано според економските групации на земјите, во јануари 2014 година споредено со јануари 2013 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и

Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ бележи раст од 17,4% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан бележи пад од 26,9%.

Во јануари 2013 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во однос на јануари претходната година се зголемила за 21,8%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 11,4 п.п. и изнесува 71,9%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 28) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 82,1%, а увозот на стоки со 65,5%.

Во јануари 2014 година 90,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Турција, а потоа следуваат Србија, Данска, Русија, Швајцарија, Чешка и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Белгија, Шпанија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 73,6% од трговската размена во јануари 2014 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2013 година претставува зголемување од 6,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 89,7% и 63,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 10,4 п.п., додека кај увозот е зголемена за 4,1 п.п. во однос на јануари 2013 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - 2013 | | | | | I - 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 186,4 | 222.944.673 | 61,5043 | 13.712.056.053 | 59,2 | 197,5 | 234.664.176 | 61,5759 | 14.449.657.857 | 63,4 | 11.719.503 | 5,3 |
| УСД | 251,0 | 129.265.341 | 46,3616 | 5.992.948.012 | 25,9 | 105,5 | 100.032.638 | 45,1808 | 4.519.554.633 | 19,8 | -29.232.702 | -22,6 |
| ГБП | 0,2 | 43.790.373 | 74,0866 | 3.244.279.831 | 14,0 | 0,3 | 49.039.258 | 74,3879 | 3.647.927.384 | 16,0 | 5.248.885 | 12,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 437,5 | | | 22.949.283.897 | 85,1 | 303,4 | | | 22.617.139.874 | 99,2 | | |
| вк извоз: | 438,1 | | | 23.156.747.604 | 100,0 | 303,9 | | | 22.806.728.327 | 100,0 | | -1,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во јануари 2014 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 10.086 милиони денари, односно 1,9% од БДП, што претставува помало остварување за 5,3% во однос на 2013 година.




Даночните приходи за јануари се реализирани во

износ од 5.973 милиони денари, односно 1,1% од БДП, и во однос на истиот период од 2013 година се намалени за 5,9%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 3.760 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи овој месец е доминантно и изнесува 63,0%. Акцизите се остварени во износ од 765 милиони денари (учество од 12,8% во даночните приходи). Така, од овие два данока се остварени приходи од 4.525 милиони денари, односно 75,8% од вкупните даночни приходи (0,9% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 5.260 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 1.500 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 6,9%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 28,8% споредено со истиот период од 2013 година).
Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 8,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 8,1%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок изнесуваат 833 милиони денари и се зголемени за 18,7% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 63,6% од персоналниот данок претставува приходот од данок на плати и други лични примања, а 8,1% се приходи по основ на договор на дело. Споредено со истиот месец во 2013 година, приходите од данокот од добивка во износ од 179 милиони денари забележаа пад од 16,0%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица. Приходите од ДДВ забележаа раст од 6,0%, додека акцизите забележаа пад, односно помало остварување за 34,5%. Приходите од царина изнесуваа 318 милиони денари и забележаа намалување од 11,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 118 милиони денари забележаа пад од 67,0%.
Неданочните приходи беа остварени во износ од 748 милиони денари и во однос на истиот период од 2013 година забележаа пад од 18,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 83 милиони денари, што претставува намалување од 51,7% во однос на истиот месец претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка изнесуваа 139 милиони денари, што е за 50,0% помалку во однос на истиот месец лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 3.014 милиони денари, што е за 7,2% повеќе споредено со истиот период од 2013 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 7,1%, кај придонесите за вработување од 7,6%, додека придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 7,4%.

## Буџетски расходи

Во јануари 2014 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 11.975 милиони денари, односно 2,3% од БДП, што е за 11,4% помалку во однос на 2013 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 11.362 милиони денари и со учество од 2,2% во БДП, се намалени за 3,5% во однос на истиот период од 2013 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 7.930 милиони денари (1,5% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 1.877 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 15,7% и во однос на 2013 година се зголемени за 0,9%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 863 милиони денари и споредено со истиот период од 2013 година се намалени за 41,0%.

Трансферите забележаа зголемување од 4,4% споредено со истиот период од 2013 година и истите учествуваа со 66,2% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 6.093 милиони денари, што претставува раст од 3,2%. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување забележаа зголемување од 2,8% споредено со истиот период од 2013 година. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 14,7%, односно забележаа зголемување од 6,9% споредено со истиот период од 2013 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.196 милиони денари, беа реализирани за 0,8% помалку во однос на јануари претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 33,7% повеќе.

Каматите се реализирани во износ од 692 милиони денари, што е за 18,6% помалку во споредба со истиот период од 2013 година. Ваквото намалување е претежно поради исплатата на доспеаните обврски за камати од задолжување во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 65,2%, додека за странство беа намалени за 28,8%.

## Буџетско салдо

Во јануари 2014 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 1.889 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 1.414 милиони денари и претставува 0,3% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ[1]

Во јануари 2014 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 14.936 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 41,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со јануари 2013 година, бројот на засновани нови работни односи е поголем за 13,7%.

Во текот на јануари засновани се 14.936 нови работни односи, од кои 18.7% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јануари изнесува 5.289, од кои 51,9% претставуваат нови засновани работни односи. Во јануари 2014 година во Агенцијата е регистриран прилив од 6.546 лица, од кои 50,8% се лица на кои им престанал работниот однос. Така, во јануари 2014 година бројот на регистрирани невработени лица изнесува 97.458, а бројот на други невработени е 122.563.




Најголем дел од невработените, односно 72,9% се од урбани средини (градско население), а 56,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 43,9% од невработените се без образование, со основно образование или со непотполно средно образование, 35,4% се со завршено средно образование, додека 20,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 52,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 42,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 16,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во декември 2013 година изнесува 31.498 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.500 денари.

---

1 Со изменувањето и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 114/2012) извршени се измени и во делот на евиденцијата на невработените лица. Со овој Закон утврден е основ за воспоставување и водење две евиденции и тоа евиденција на невработени лица и евиденција на други лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

На месечна основа, во декември 2013 година просечната бруто плата бележи номинален раст од 1,9%, а реално е повисока за 1,6%. Просечната нето плата во истиот период бележи номинален раст од 2,1%, додека реално е пониска за 1,8%.

Во декември 2013 година во однос на декември 2012 година, просечната бруто плата бележи номинален раст од 0,1%, додека реално е пониска за 1,3%. Просечната нето плата номинално е повисока за 0,1%, додека на реална основа бележи пад од 1,2%.




Кумулативно, во периодот јануари-декември 2013 година во однос на истиот период од минатата година просечните бруто и нето плата бележат номинален раст од 1,2%, додека реално истите се пониски за 1,6%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во декември 2013 година во однос на декември 2012 година се забележува во секторите: Транспорт и складирање (8,2% бруто плата и 7,9% нето плата) Рударство и вадење камен (8,1% бруто плата и 10,2% нето плата) и Други услужни дејности (7,0% бруто плата и 5,8% нето плата).

Зголемување на просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во однос на претходниот месец е забележано во секторите: Рударство и вадење камен (10,3% бруто плата и 10,8% нето плата), Стручни, научни и технички дејности (9,3% бруто плата и 11,1% нето плата) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (8,4% бруто плата и 8,9% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во декември 2013 година изнесува 1,8% и е за 0,3 п.п. понизок во однос на декември претходната година, а во однос на ноември 2013 година истиот е понизок за 0,2 п.п.

## Пензии

Во јануари 2014 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 290.337 пензионери, што претставува зголемување од 2,1% во однос на истиот месец од 2013 година. Во однос на декември 2013 година бројот на корисници на пензија е помал за 781 лице. Од вкупниот број пензионери, 58,2% се корисници на старосна пензија, 26,5% на



семејна пензија и 15,3% на инвалидска пензија.

За исплата на пензиите во јануари 2014 година потрошени се 3.335,20 милиони денари, што претставува 54,7% од вкупните социјални трансфери[2].

Просечната пензија во јануари 2014 година изнесува 11.814 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 8,5%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2013 година (последни расположливи податоци) изнесува 55%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари




Во јануари 2014 година примарните пари[3] забележаа раст на годишно ниво од 1%, наспроти падот од 4,4% минатиот месец, како резултат на растот на готовите пари во оптек од 7,4%. Вкупните ликвидни средства на банките се намалија за 3,5%.

На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 1,1%, како резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките од 6,4%. Готовите пари во оптек забележаа пад од 5%.

Во јануари 2014 година, Народната банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, а имајќи ги предвид веќе преземените мерки во претходниот период, одлучи да ја задржи тековната монетарна поставеност и каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во јануари 2014 година се зголеми за 0,2% на месечна основа, како резултат на порастот на депозитите на домаќинствата од 0,7%. Депозитите на приватните претпријатија се намалија за 2,9%. Од аспект на валутата, пад од 0,3% бележат депозитите во домашна валута, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,9%.

На годишна основа, вкупните депозити во јануари 2014 година остварија раст од 6,3%, наспроти растот од 6,1% во декември 2013 година. Од аспект на

[2] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

секторот, депозитите на домаќинствата бележат раст од 7,3%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа годишен раст од 2,5%.

Од аспект на валутата, во јануари 2014 се забележува раст на депозитите во домашна валута од 10,7%, исто како и минатиот месец, додека депозитите во странска валута бележат засилен раст од 1,2%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 26,5%, а краткорочните депозити се намалија за 2,7%.




## Кредити на банките

Во јануари 2014 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа забавен раст од 0,3% на месечна основа (наспроти растот од 1,7% во декември), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 0,7%. Депозитите кон приватните претпријатија се намалија за 0,1%. Од аспект на валутната структура, денарските кредити се зголемија за 0,4%, додека кредитите во странска валута се намалија за 0,4%.




На годишна основа, во јануари вкупните кредити остварија засилен раст од 6,7% (во декември растот изнесуваше 6,4%). Според валутата, новото кредитирање е целосно во домашна валута. Имено, кредитите во домашна валута остварија засилен раст од 8,9% (во декември забележаа раст од 8,6%), додека оние во странска валута се непроменети на годишна основа. Анализирано според секторот, кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 3,9%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 10,6%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7%, додека краткорочните кредити се повисоки за 4,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2014 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,3% и го намали нивото во однос на минатиот месец кога оваа стапка изнесуваше 7,4%. Во однос на истиот месец од  2013 година таа е пониска за 0,5 п.п.. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 7,7%, додека каматната

стапка на девизните кредити изнесува 6,4% и се непроменети на месечно ниво.

Вкупната каматна стапка на депозитите изнесува 2,6% и е пониска за 0,2п.п. во однос на претходниот месец. Во однос на јануари претходната година, оваа стапка е пониска за 0,7п.п. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалени на месечни ниво и изнесуваат 3,9% и 1,5%, соодветно, наспроти 4,1% и 1,6% минатиот месец.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2014 година изнесуваа 1.979,1 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 13,9 милиони евра, додека во однос на јануари 2013 година се пониски за 284,3 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвија:**

Ана Николова

Ангела Васовска

Анета Дудеска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Нeџати Куртиши

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, март 2014 година